# Предлог-политики за пристап до **финансиски услуги**

ОРГАНИЗАЦИЈА
НА РАБОТОДАВАЧИ
НА МАКЕДОНИЈА



ОРГАНИЗАЦИЈА
НА РАБОТОДАВАЧИ
НА МАКЕДОНИЈА

# ПОВОЛНО ДЕЛОВНО ОКРУЖУВАЊЕ ЗА ОДРЖЛИВИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

## Предлог-политики за пристап до финансиски услуги

Скопје, февруари 2017

Организација на работодавачи на Македонија
Ул. Димитрие Чуповски бр. 13, Скопје
Тел: 02/3215-085
Е-пошта: info@orm.org.mk
Веб-страница: www.orm.org.mk

# Предлог-политики за пристап до финансиски услуги[1]

[1] Овој документ е изготвен во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог", кој го финансира Европската Унија, а го спроведува Меѓународната организација на трудот. Тој се базира на наодите и стратешката рамка на политики за поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Македонија на Организацијата на работодавачи на Македонија и Бизнис конфедерацијата на Македонија, како и на препораките на членките на двете организации. Документот има цел да ги даде насоките во кои треба да се движат јавните политики насочени кон создавање поволно бизнис-окружување во РМ. Ставовите искажани во рамки на овој документ се единствена одговорност на авторот. Меѓународната организација на трудот и Европската Унија не преземаат никаква одговорност за точноста, прецизноста или сигурноста на било кој од материјалите, информациите или мислењата искажани во овој извештај.

**СОДРЖИНА**


1. **Резиме** ..... 3
2. **Осврт на предизвиците и потребите** ..... 4
3. **Историски контекст** ..... 5
4. **Меѓународни споредбени искуства** ..... 7
5. **Влијание** ..... 8
6. **Опции на предлог-политики** ..... 9
   - **6.1. Зголемување на можностите за пристап до финансиски услуги** ..... 9
   - **6.2. Унапредување на пристапот до информации и знаење за финансиско планирање** ..... 11
   - **6.3. Развивање нови финансиски услуги и продукти** ..... 12
7. **Препораки** ..... 13
8. **Образложение** ..... 14
9. **Спроведување** ..... 15
10. **Следење и оцена** ..... 15

# 1. Резиме

Пристапот до финансиите е неопходен услов за растот на фирмите. Во Република Македонија, растот на фирмите главно е базиран на самофинансирањето. Следен извор на финансирање што го користат фирмите се должничкото финансирање преку кредити за приватниот сектор. Другите форми на финансирање, како што се бизнис-ангелите, инвестицискиот ризичен капитал и иницијалната јавна понуда на акции не се толку практикувани и достапни. Идентификуваните предизвици во пристапот до финансии се: 1) од аспект на понуда на финансии – отежнат пристап до кредити за малите и средни претпријатија (МСП), ниска понуда на други финансиски продукти и недоволен пристап до информации; 2) од аспект на побарувачката – недоволна финансиска писменост кај фирмите за долгорочно планирање особено кај МСП и 3) недоволен приоритет на преструктурирање на индустријата со нови технологии и еколошки инвестиции.

Затоа, Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) предлагаат сет мерки кои ги адресираат идентификуваните предизвици. Основните цели и принципи кои овие предлог-политики се стремат да ги постигнат се: а) да се поттикне развој на широка палета финансиски услуги, б) финансиските услуги да бидат приспособени на реалните потреби на фирмите со различна големина, в) финансиските услуги да бидат пофлексибилни на поединечните потреби на претпријатијата, г) да се намали ризикот како за претпријатието, така и за институцијата која го обезбедува кредитот и д) да се зајакнат пристапот до финансиски советодавни услуги и капацитетот на фирмите (особено МСП).

Во оваа насока, овој документ дава неколку опции на предлог-политики:

| 1.Зголемување на можностите за пристап до финансиски услуги | 2. Унапредување на пристапот до информации и знаење за финансиско планирање | 3. Развивање нови финансиски услуги и продукти |
|---|---|---|
| 1.1. Мерки за поттикнување од страна на НБРМ<br>1.2. Унапредување на кредитирањето од страна на МБПР<br>1.3. Зголемување на можностите за пристап на македонските компании до ЕУ-фондовите | 2.1. Подобрено информирање на фирмите<br>2.2. Едукација за финансиска писменост на МСП<br>2.3. Советување и консултации за пристап до финансии | 3.1. Поттикнување бизнис-ангели<br>3.2. Привлекување странски фондови<br>3.3. Стимулирање набавка на современа опрема и еколошки инвестиции во индустријата |

Пристапот до финансии, особено за малите и средни претпријатија, мора да се развива преку континуиран дијалог и вклучување на сите релевантни актери, вклучувајќи ги институциите, претставниците на бизнис-заедницата, банките, Здружението на банкарите во рамките на Стопанската комора, МБПР, НБРМ итн. Предложените мерки се меѓусебно комплементарни и нудат различни опции за нивно спроведување во зависност од можностите. За постигнување оптимално решение, односно оптимален микс на предлог-мерките, потребни се дополнителни анализи и консултации со сите релевантни чинители, а особено со банкарскиот сектор и приватните инвеститори за да се одговори на потребите на фирмите, но и за да не се нарушат пазарните механизми.

## 2. Осврт на предизвиците и потребите

Пристапот до финансиите е неопходен услов за растот на фирмите. Целосниот раст на фирмите и економскиот раст на земјата не може да се реализираат во целина без соодветно надворешно финансирање.

Во Република Македонија, растот на фирмите главно е базиран на самофинансирањето со што се согласуваат мнозинството работодавачи (64,1%)[2]. Истовремено, 45,3% од работодавачите преферираат да ги финансираат своите инвестиции од задржаната добивка, а други 12,4% од нов капитал, сопствен или од семејството и од пријателите[3]. Над половина од фирмите (53,5%) преферираат да ја користат задржаната добивка за обртен капитал. Следен извор на финансирање што го користат фирмите е должничкото финансирање преку кредити за приватниот сектор.

Показателите укажуваат на тоа дека иако домашното кредитирање на приватниот сектор благо се зголемува во текот на годините, и во 2015 г. достигнало ниво од 50,9% од БДП, тоа сепак е помало, споредено со некои од земјите од регионот и од Европа[4]. И анкетата направена во 2015 и 2016 година во рамки на Светскиот индекс на конкурентност, пристапот до финансии е вториот најпроблематичен фактор во водењето бизнис (веднаш после нестабилноста на политиките). Другите форми на финансирање, како што се бизнис-ангелите, инвестицискиот ризичен капитал и иницијалната јавна понуда на акции не се толку практикувани и достапни во Р. Македонија. Банките се доминантниот надворешен извор на финансирање на македонските бизниси. Сепак, фирмите сметаат дека особено малите и средни претпријатија тешко доаѓаат до заеми и дека финансиските продукти не се приспособени на нивните потреби. Трите причини кои фирмите ги наведуваат како пречка во пристапот до заеми се: превисоки каматни стапки (42%), банките не сакаат да ги преземат ризиците (16%) и банките бараат премногу информации за да го одобрат заемот (12%)[5]. Дополнително, мнозинството работодавачи

[2] Поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Македонија, Организација на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерација на Македонија (БКМ), 2013 г.

[3] Ibid.

[4] World Development Indicators, World Bank Group

[5] Поволна бизнис-клима за одржливи претпријатија во Македонија, Организација на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерација на Македонија (БКМ), 2013 г.

(65,3%)[6] сметаат дека информациите за финансиските услуги не се добро дистрибуирани до бизнис-секторот. Дури и во однос на поволните кредити кои им стојат на располагање на фирмите преку Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), тие се дистрибуираат преку комерцијалните банки според нивните критериуми и барања, па следствено, пристапот до овие заеми не е едноставен особено за МСП.

Од друга страна, македонските фирми, како и самите банки укажуваат на тоа дека постои недоволна финансиска писменост кај фирмите, особено кај малите и средни претпријатија (МСП). Тие се фокусирани на обезбедувањето средства за финансирање на моменталните потреби, а ретко ги планираат потребите од финансирање на долг рок. Раководните лица во МСП не се финансиски едуцирани долгорочно да предвидат каков финансиски продукт би им бил потребен. Истовремено, тие сметаат дека не постојат квалитетни советодавни услуги и програми кои ќе им помогнат на МСП во изготвувањето предлози за исплатливи заеми. Само 8,9% од работодавачите[7] сметаат дека има доволно поддршка во овој сегмент.

Од аспект на големите компании, тие, иако имаат повеќе капацитети и можности да пристапат до соодветни финансиски услуги, сметаат дека јавните политики не ставаат приоритет на реиндустријализацијата, односно на преструктурирањето на индустријата. Со оглед на новите глобални трендови, потребни се соодветни и поволни финансиски продукти за еколошки инвестиции и нови технологии во големите индустриски капацитети.

Работодавачите сметаат дека за да се подобри пристапот до финансии, политиките треба да поттикнат развој на широка палета финансиски услуги кои ќе бидат приспособени на реалните потреби на претпријатијата со различна големина и индустрија. Овие политики треба да го намалат ризикот како за претпријатието, така и за институцијата која го обезбедува кредитот. Наедно, тие треба да бидат пофлексибилни на поединечните потреби на претпријатијата. Истовремено, политиките треба да го зајакнат пристапот до советодавни услуги и зголемувањето на финансиската писменост на фирмите, особено на МСП.

## 3. Историски контекст

Од аспект на домашното кредитирање на приватниот сектор, во текот на годините може да се забележи одреден напредок. Податоците на Светска банка укажуваат на тоа дека достапноста на кредити во Македонија постепено се подобрува, па од 42,1% од БДП во 2008 година,47,2% во 2012 година, во 2015 година достигнало ниво од 50,9% од БДП[8]. Исто така, подобрена е и достапноста на информациите за кредити; според индексот на Светска банка, тој од 4 во 2008 година се искачил на 7 во 2015 година. Во последната година постои тренд и на зголемување на обемот на кредитирање на фирмите од страна на банките. Податоците на Народната банка на РМ покажуваат дека растот на кредитирањето на фирмите е променлив во текот на годините. Така на пример, во 2013 година растот изнесувал 5,3%; во 2014 10,5% додека во 2015 8,5% година стапка на раст на кредитирањето. Сепак, експертите укажуваат

[6] Ibid.

[7] Ibid.

[8] World Development Indicators, World Bank Group

на тоа дека постои недостиг на капитално финансирање, бизнис-ангели и друга поддршка за нови фирми и фирми во раст.

Институциите го имаат идентификувано предизвикот на пристапот до финансии и во рамките на политиките го имаат адресирано ова прашање. Новата Стратегија за конкурентност 2016-2020 го идентификува пристапот до финансии како пречка за МСП. Според овој документ *„уделот на МСП во вкупните заеми од страна на приватниот сектор се проценува на 35%, иако тие претставуваат 99% од сите бизниси.“*[9] Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020 г., како една од клучните слабости за конкурентноста на македонската економија, ги идентификува ниското ниво на финансиски услуги и ниската флексибилност на банкарскиот сектор и небанкарските институции. Документот идентификува дека *„финансискиот сектор не овозможува конкурентен пристап до кредити потребни за да се финансира развојот на бизнис-секторот. Финансиските институции работат со основните финансиски инструменти необезбедувајќи извор или ризичен капитал за финансирање иновативни, високоризични бизнис-можности“.* Во рамките на четвртата стратешка цел за „Развој на МСП и претприемништво“, предвидени се мерки за подобрување на финансирањето и за воведување нови финансиски инструменти за МСП во насока на: 1) подигнување на свеста на финансиските институции, 2) пилот-проекти со комерцијални банки за да поддржат иновативни МСП, 3) зголемување на ризичниот капитал достапен за инвестирање во мали фирми и 4) нова улога на Македонската банка за поддршка на развојот преку процена на нејзиниот досегашен концепт и досегашното функционирање. Во однос на МБПР, формиран е државен гарантен фонд. Сепак, недостасува процена за тоа што е реализирано од периодот на донесување на стратегијата и кои се постигнатите резултати во оваа насока.

Дополнително, Стратегијата за конкурентност 2016-2020 во целите за подобрување на пристапот до финансии предвидува сет на мерки: Финансирање и поддршка за конкурентноста и иновациите на МСП; Воспоставување национална Кредитна гарантна шема за МСП со капитализација од 4 милиони евра; Зајакнување на регулаторната основа и подобрување на финансиските инструменти за МСП; Зајакнување на основата за финансиски инструменти за капитални вложувања преку законска регулатива за бизнис ангели, ризичен капитал и сл.; Зајакнување на капацитетите на МБПР за „ексим“ (увоз/извоз) производите и развој на нови извозно ориентирани производи; Проширување на финансиската писменост кај МСП; Поддршка за развој на капитално и мезанин финансирање за МСП секторот.

Ревидираната Национална стратегија за развој на малите и средни претпријатија 2002-2013 година го идентификува пристапот до финансии како една од целите на стратегијата. Таа вклучува и сет мерки и активности во насока на: 1) полесен пристап на почетниците до мали заеми, 2) отворање инвестициски фондови – еквити-фондови, кредитни фондови, фондови за заеднички вложувања и ризичен капитал, 3) поддршка за отворање приватни кредитни бироа за соодветно оценување на кредибилитетот на претпријатијата, 4) поддршка за финансирање мали извозни претпријатија преку обезбедување заеми со поволни услови за покривање

[9] Стратегија за конкурентност со акциски план на Република Македонија 2016-2020, јануари 2016

на трошоците поврзани со извозот, 5) намалување на каматните стапки за кредитирање на МСП и намалување на хипотекарните барања, 6) промовирање алтернативни начини за финансирање, 7) создавање кредитни гарантни фондови и програми, 8) поедноставување и воведување потранспарентни финансиски трансакции и 9) зголемување на странските директни инвестиции. Но, како и за гореспоменатата стратегија, недостасува детална процена за досега реализираните мерки и нивниот учинок.

## 4. Меѓународни споредбени искуства

Споредбените анализи и податоци на светски реномирани институции и истражувања укажуваат на тоа дека иако состојбата се подобрува, сепак постои простор за натамошно унапредување на пристапот до финансиски услуги во Р. Македонија. Според показателите на Светска банка, иако пристапот до финансиските услуги постепено се зголемува (Табела 1), тој е помал отколку во некои од споредуваните земји. Доколку се гледа и стапката на раст, ќе се забележи дека во последните години во сите земји освен во Македонија има пад на кредитирањето на приватниот сектор.

*Табела 1. Домашно кредитирање на приватниот сектор (% од БДП)*

| Земји | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| Македонија | 47,2 | 46,7 | 49,6 | 50,9 |
| Ирска | 111,2 | 103,9 | 81,4 | 54,3 |
| Словенија | 79,8 | 66,3 | 55,0 | 50,2 |
| Хрватска | 67,9 | 70 | 69,3 | 65,5 |
| Бугарија | 66,3 | 66,3 | 59,6 | 55,4 |
| Србија | 49,5 | 43,6 | 43,4 | 43,4 |

Извор: World Bank

Податоците од Светскиот економски форум (СЕФ) – индексот на Лисабонскиот преглед од 2010 година, укажуваат на тоа дека во однос на подиндексот за финансиски услуги, Р. Македонија заостанува зад просекот на ЕУ. Така, во Р. Македонија, резултатот на подиндексот во РМ изнесува 4,08,што е 80% од просекот во ЕУ 27.

Доколку се следи каматниот распон, може да се заклучи дека финансиските услуги во Македонија се ефикасни, споредено со другите земји од ЕУ и од регионот. Ова, сепак, не значи дека претпријатијата не ги сметаат каматните стапки за високи.

Мислењата на експертите укажуваат на тоа дека пристапот до финансиските услуги е најслабиот елемент од рамката за развој на претприемништво. Во 2013 година само во Турција пристапот до финансии има повисока оценка; во сите останати земји таа е на пониско ниво и не е задоволувачка (Табела 2).

*Табела 2. Ставови на домашните стручњаци за пристапот до финансии (1= целосно погрешно, 5=целосно точно)*

| Изјава | Макед. | Хрват. | Словен. | Турц. |
|---|---|---|---|---|
| Има доволно финансирање засновано на капитал, достапно за нови фирми и фирми во раст. | 2,15 | 2,26 | 2,33 | 2,97 |
| Има доволно должничко финансирање, достапно за нови фирми и фирми во раст. | 3,22 | 2,55 | 2,31 | 2,58 |
| Има доволно владини субвенции достапни за нови фирми и фирми во раст. | 2,92 | 2,95 | 2,64 | 3,03 |
| Има доволно финансирање, достапно од индивидуи (кои не се основачи) за нови фирми и фирми во раст. | 2,12 | 2,02 | 2,14 | 2,56 |
| Има доволно финансирање преку вложување капитал (venture capital), достапно за нови фирми и фирми во раст. | 2,03 | 1,93 | 2,26 | 2,53 |
| Има доволно финансирање, достапно преку иницијална јавна понуда на акции за нови фирми и фирми во раст. | 2,04 | 2,10 | 1,39 | 2,38 |
| Просек | 2,33 | 2,29 | 2,19 | 2,66 |

Извор: ГЕМ, 2013

Споредбените искуства (од она што е достапно како информација), исто така, укажуваат на тоа дека иако неформалното инвестирање во Македонија во ниво не заостанува во однос на споредуваните земји, речиси сите инвестиции во Македонија се семејни или пријателски, а недостасува финансирање од т.н. бизнис-ангели (Табела 3).

*Табела 3. Врска помеѓу тој што инвестира и тој што ја добива инвестицијата во проценти*

| Поврзаност со лицето за кое биле инвестирани парите (во %) | Македонија | Ирска | Словенија |
|---|---|---|---|
| Близок член на семејството, како сопруг/-а, брат, син, родител или внук | 52,00 | 81,00 | н/п |
| Друг роднина или крвна врска | 6,90 | н/п | н/п |
| Колега | 9,80 | н/п | н/п |
| Пријател или сосед | 29,40 | н/п | н/п |
| Непознат со добра идеја за бизнис | 1,00 | 19,00 | н/п |

Извор: ГЕМ, 2012

## 5. Влијание

И покрај постигнатиот напредок во овој домен, анкетите и истражувањата покажуваат дека мнозинството од фирмите сметаат дека пристапот до заеми е една од пречките во нивното работење. Перцепцијата на работодавачите во Р. Македонија е дека повеќето фирми се потпираат на самофинансирање. Исто така, фирмите сметаат дека финансиските продукти не се приспособени на потребите на претпријатијата од различни големини (особено за МСП). Иако показателите на Светска банка високо го оценуваат пристапот и квалитетот на информациите за кредит достапни преку јавни или приватни кредитни регистри, мнозинството

на испитаните фирми (65,3%)[10] сметаат дека информациите не се добро дистрибуирани до бизнис-секторот. Дополнително, тие сметаат дека МСП не добиваат доволна и соодветна советодавна поддршка за како поуспешно да пристапат до исплатливи заеми.

Со оглед на тоа што не постојат сеопфатни анализи и извештаи за спроведувањето и учинокот на мерките од националните политики и стратегии, заклучоците претежно се базираат на перцепцијата на оние кои се корисници на мерките. Тие укажуваат дека иако формално постои унапредување на политиките и се воведуваат одредени мерки за унапредување на пристапот до финансии, тие се или недоволни (во обем и опфат) или не се соодветно имплементирани на начин кој ќе стигне до поголемиот дел од бизнис-заедницата.

# 6. Опции на предлог-политики

Согласно идентификуваните состојби и предизвици, предлог-политиките треба да бидат насочени како кон оние кои ги обезбедуваат финансиските услуги (банките, приватните инвеститори, странските инвестициски фондови итн.), така и кон корисниците на финансиите (фирмите). Дополнително треба да се оптимизира и монетарната политика во насока на поттикнување на кредитирањето на приватниот сектор. Предложените опции се во насока на мерките предвидени во стратешките документи за развој на МСП и зголемување на конкурентноста. Во оваа насока, се предлагаат следните опции на предлог-политики:

## 6.1. Зголемување на можностите за пристап до финансиски услуги

Целта на овие мерки е да овозможи олеснет пристап до постојните финансиски услуги од страна на фирмите. Во овој домен се предлагаат следните предлог-политики:

### 6.1.1. Мерки за поттикнување од страна на Народната банка на РМ

Пристапот до финансии за приватниот сектор може да се зголеми преку мерки на Народната банка на Република Македонија (НБРМ). Овие мерки можат да одат во насока на:

- Релаксирање на обезбедувањето (задолжителните резерви) кое НБРМ го бара од банките за одобрените кредити – податоците од другите земји укажуваат на тоа дека во Р. Македонија стапката на задолжителните резерви е иста (8%)[11] или пониска отколку во другите земји во регионот (Хрватска -12%, Албанија и Бугарија 10%[12]). Сепак, стапката во дел од земјите на ЕУ (Чешка[13], Данска[14], итн.) е значително пониска и изнесува 2% додека во Унгарија таа изнесува 1%[15]. Од 2012 година и Европската централна банка ја намали стапката на

[10] Анкета со работодавачите - 2013

[11] http://www.nbrm.mk/default.asp?ItemID=53A2CEE120B0264793D9262D679D689D

[12] http://www.centralbanknews.info/p/reserve-ratios.html

[13] http://www.cnb.cz/en/monetary_policy/instruments/#mr

[14] http://www.centralbanknews.info/p/reserve-ratios.html

[15] http://www.mnb.hu/en/monetary-policy/the-monetary-council/press-releases/2016/press-release-on-the-monetary-council-meeting-of-25-october-2016

задолжителни резерви од 2% на 1%[16]. Доколку се намали стапката на задолжителните резерви, би се ослободиле дополнителни средства за кредитирање на приватниот сектор, а истовремено би се влијаело и на намалувањето на трошоците за кредитирање на фирмите. Сепак, треба да се земе предвид дека во моментот (на краток рок) ликвидноста на банките не е еден од клучните предизвици во кредитирањето на фирмите, па следствено, оваа мерка нема да даде директни резултати доколку претходно не се подигне капацитетот на бизнис-секторот (особено на МСП) за апсорбирање на кредитните продукти.

- Намалување на просечната каматна стапка на НБРМ и нејзиното изедначување со каматната стапка на ЕУ – *Забелешка:* потребно е да се направи дополнителна споредбена анализа на каматните стапки и дали постои простор за подобрување надвор од овој аспект.

### 6.1.2. Унапредување на кредитирањето од страна на МБПР

Македонската банка за поддршка на развојот преку средства од Европската инвестициска банка (ЕИБ) обезбедува кредити за МСП со поволни каматни стапки и услови на кредитирање. Но, МСП сметаат дека и тие кредити не им се лесно достапни бидејќи процесот на аплицирање и одобрување се реализира од страна на комерцијалните банки, па повторно се соочуваат со дел од предизвиците во пристапот до заеми од банките. Честопати процесот на одобрување трае повеќе месеци што за многу мали претпријатија е долг период во кој не можат соодветно да планираат. Во оваа насока се предлагаат следните опции:

- *Модифицирање на улогата на МБПР во доделувањето на кредитите*

Доколку условите поставени од ЕИБ даваат можност, се препорачува самата МБПР да развие капацитети и да формира служба која ќе ги разгледува и ќе ги проценува апликациите од фирмите. Во овој случај, комерцијалните банки би биле во улога на сервис. Во првата фаза, оваа форма на процесирање на кредитните барања може да се пилотира во помал обем на кредитирање, во комбинација со некои од постојните финансиски инструменти (како, на пример, гарантната шема) со цел постепено градење на капацитетите и намалување на ризикот за инвеститорот.

- *Докапитализирање на МБПР со средства од Буџетот на РМ*

Кај оваа опција се предлага да се докапитализира МБПР со буџетски средства со кои ќе се развијат нови кредитни линии што ќе бидат пофлексибилни и приспособени на потребите на МСП (со подолг рок на отплата, грејс период и поволни каматни стапки). За овие кредити, процената и одобрувањето би одело преку посебно обучена служба во МБПР. Доколку ваквите кредитни линии се покажат како успешни, тие би можеле да ги поттикнат и комерцијалните банки да воведат нови финансиски продукти и услуги.

[16] https://www.ecb.europa.eu/explainers/tell-me/html/minimum_reserve_req.en.html

### 6.1.3. Зголемување на можностите за пристап на македонските компании до ЕУ-фондовите

Програмите на Европската унија даваат многубројни можности за пристап до субвенции, грантови, сервисни договори и поволни заеми за претпријатијата. И додека претпријатијата во ЕУ ги искористуваат ваквите можности, македонските претпријатија во многу мал обем ги искористуваат ЕУ-фондовите кои им се на располагање. Ова во голема мерка се должи на слабата информираност на фирми за можностите кои ги нудат различните програми на ЕУ (вклучително и Инструментот за претпристапна помош на ЕУ - ИПА и Инструментот за претпристапна помош на ЕУ за рурален развој - ИПАРД), како и на недостигот на знаење и капацитет за аплицирање за ЕУ-фондовите. Иако институциите прават одредени напори за споделување информации и советување на фирмите (особено во рамките на Инструментот за претпристапна помош на ЕУ за рурален развој - ИПАРД), потребен е интегриран пристап во градењето на капацитетите на компаниите за искористување на ЕУ-фондовите. Следствено, се предлагаат следниве мерки:

- Да се обезбеди систематска поддршка на компаниите за искористување на ЕУ-фондовите. Ова би опфаќало систематизирање и сублимирање на информациите за сите можности кои им се достапни на фирмите преку програмите на ЕУ. На фирмите, овие информации треба да им бидат достапни на едно место, една назначена служба за поддршка (наместо во различни институции). Оваа служба понатаму ќе ја дистрибуира информацијата до канцелариите за локален економски развој (ЛЕР) во рамките на општините, до коморите и бизнис-здруженијата и сл., со цел информацијата да биде достапна најблиску до корисниците. Овие институции (вклучително и назначената служба за поддршка) треба, исто така, да им понудат поддршка на фирмите во идентификување на можностите најсоодветни за нивните потреби, ќе им помогнат да идентификуваат партнери за аплицирање и ќе им дадат насоки во изготвувањето на апликациите.

- Финансиска поддршка за искористување на ЕУ-фондовите. За да се поттикне поголемо искористување на ЕУ-фондовите од страна на македонските компании, државата може да даде субвенции (советодавни ваучери или во друга форма) за ангажирање консултанти за изготвување на апликациите. Нивото на субвенцијата може да се одреди скалесто во зависност од комплексноста на апликацијата и од тоа дали апликацијата е одобрена за финансирање.

- Да се забрза процесот на отворање на компонентата за регионална конкурентност во рамките на третата компонента на ИПА за регионален развој. Со оглед на тоа што таа е директно наменета за поддршка на бизнис-секторот, нејзината имплементација ќе овозможи дополнителна поддршка и можности за фирмите.

## 6.2. Унапредување на пристапот до информации и знаење за финансиско планирање

Ниската финансиска писменост на сопствениците и управителите на МСП е една од клучните причини за неможноста на фирмите да пристапат до финансирање соодветно на нивните потреби. Особено микро и малите претпријатија во голема мера не се запознаени со

сите можности за финансирање. Ваквото непознавање води и до слаба побарувачка за други финансиски продукти (надвор од стандардните заеми), како што се инвестицискиот капитал, бизнис-ангелите и сл. Поради тоа, предлог-политиките во овој домен треба да бидат насочени кон градење на капацитетите на фирмите за стратешко финансиско планирање и управување. Мерките треба да опфатат:

### 6.2.1. Подобрено информирање на фирмите за поволните можности за финансирање на фирмите

Институциите треба да бидат сервисно ориентирани кон клиентите, односно кон фирмите и да изнаоѓаат различни канали на комуникација на национално, но особено на локално ниво за можностите за финансирање. Освен на интернет, информацијата треба да се дистрибуира и преку телевизиите (национални и локални), коморите, бизнис-здруженијата, канцелариите за локален економски развој (ЛЕР) во рамките на општините итн.

### 6.2.2. Едукација за финансиска писменост на МСП

Едукацијата би опфаќала редовни обуки за финансиска писменост наменети за МСП кои ќе се реализираат во соработка со бизнис-здруженијата (коморите и организациите на работодавачите). Притоа, важно е обуките да не се одвиваат *ад хок* и еднократно, туку да има претходно утврдена динамика и термини во зависност од обемот на МСП во дадените региони. Ваквите обуки треба да бидат на располагање најмалку во сите плански региони во Р. Македонија, а доколку постои можност и во сите поголеми општини.

### 6.2.3. Советување и консултации за пристап до финансии

Оваа мерка се состои од обезбедување финансиски советници кои ќе им помогнат на фирмите да ги идентификуваат најповолните опции за нивниот бизнис, ќе им помогнат во изготвувањето на апликацијата, прибирањето на документацијата и сл. Мерката може да се реализира на два начини (или нивна комбинација):

- Со субвенционирање услуги за финансиско советување особено за новоосновиваните претпријатија. Субвенционирањето би било целосно за новоосновиваните претпријатија, додека за останатите, мерката би се реализирала преку кофинансирање. Надоместокот за лицата кои ќе го вршат советувањето (консултантите) може да биде скалест во зависност од учинокот, односно во зависно од тоа дали советувањето довело до обезбедување финансии на фирмата.

- Со поттикнување на комерцијалните банки да служат како финансиски советници на малите и микро фирмите во рамките на своите програми за општествена одговорност. Банките ја имаат потребната експертиза, а истовремено преку овие активности можат да се стекнат со едуцирани и лојални клиенти. За поттикнување на банките, предлог-политиките треба да вклучат даночни бенефиции (намалување на даночната основица во зависност од бројот на опслужените фирми и сл.), субвенции во финансиското советување, како и други видови поттикнувања.

## 6.3. Развивање нови финансиски услуги и продукти

### 6.3.1. Поттикнување на „бизнис-ангелите“

Истражувањата покажуваат дека во Р. Македонија постои ниско ниво на понуда за капитално инвестирање преку бизнис-ангели, инвестициски капитал и сл. Оваа мерка треба да го поттикне развојот на „бизнис-ангелите“ преку стимулирање на физичките лица да инвестираат во нови бизниси и бизниси во рана фаза од развојот. Политиките во овој домен треба да дејствуваат поттикнувачки, односно да дадат општа но флексибилна рамка на дејствување придружена со поттикнувања за бизнис-ангелите. Поттикнувањата треба да бидат во форма на даночни ослободувања, и тоа: а) од персоналниот данок на доход на средствата кои физичкото лице ќе ги инвестираа како бизнис-ангел и б) од данокот на добивка во евентуалниот профит на бизнис-ангелот во првите две-три години од работењето на фирмата во која инвестирал/-а.

Оваа мерка е насочена кон креирање нова понуда на капитално инвестирање и таа треба да се имплементира паралелно со мерките за унапредување на побарувачката (6.2.) за да се развие оптимален пазар на нови финансиски услуги.

### 6.3.2. Привлекување странски фондови

Некои ЕУ-држави (како што е случајот со Словачка) имаат спроведено ефективни политики на привлекување странски фондови за инвестициско финансирање на локалните фирми. Во оваа насока се предлага во рамките на ИПА да се развие Твининг-програма[17] преку која ќе се споделат искуствата и ќе се изградат капацитетите на институциите за привлекување странски фондови. Твининг-програмата треба да резултира во конкретна предлог-политика во оваа област.

### 6.3.3. Стимулирање набавка на современа опрема и еколошки инвестиции во индустријата

Развојот и конкурентноста на големите компании е од големо значење за социо-економскиот развој на секоја држава од аспект на нивното учество во БДП, вработувањето на голем дел од работната сила, како и ефектот врз локалната економска активност преку нивните синџири на снабдување. Глобалните трендови во насока на интернационализација на бизнисот и фокусот на одржлив развој бараат од големите компании, особено оние од индустријата, постојано да вложуваат во најнови технологии и опрема и значително да инвестираат во заштитата на животната средина. За да можат да се вклучат во глобалните текови и да бидат вистински двигатели на македонската економија, на големите компании им е потребна поддршка од државата преку стратешки политики и поттикнувања кои ќе помогнат во модернизирање и преструктурирање на македонската индустрија со поставување конкретни цели во индустриската политика за зголемување на учеството на индустријата во БДП.

[17] Твининг-програмите на ЕУ имаат за цел преку трансфер на знаење и искуства од администрациите и јавните институции на државите членки да им се помогне на државите-кандидатки за членство да ги воспостават и зајакнат институциите кои треба да го инкорпорираат и имплементираат европското acquis communautaire.

Обезбедувањето финансии за еколошки инвестиции и инвестиции во нови технологии и опрема често претставува предизвик за компаниите од индустријата. Државата треба да обезбеди финансиска поддршка за компаниите од индустријата преку: а) обезбедување поволни заеми на подолг рок за стратешки еколошки инвестиции и инвестиции во нови технологии согласно светските стандарди и трендови или б) обезбедување субвенции за овој тип инвестиции.

## 7. Препораки

Пристапот до финансии, особено за малите и средни претпријатија, мора да се развива преку континуиран дијалог и вклучување на сите релевантни актери, вклучувајќи ги институциите, претставниците на бизнис-заедницата, банките, Здружението на банкарите во рамките на Стопанската комора, МБПР, НБРМ итн. Доколку предлог-политиките во овој домен опфатат мерки кои ќе бидат насочени само на еден сегмент од пазарот (на пример, унапредување на понудата преку обезбедување нови финансиски продукти), тие нема да дадат резултати доколку паралелно не се адресираат и другите аспекти. Ова особено се однесува на потребата од подигнување на нивото на финансиска писменост на фирмите и нивните капацитети за долгорочно планирање на развојот на нивниот бизнис. Само на тој начин тие ќе бидат во можност да ја апсорбираат понудата од финансиски услуги и да бидат посакувани партнери за банките и инвеститорите.

Предложените мерки се меѓусебно комплементарни и нудат различни опции за нивно спроведување во зависност од можностите. За постигнување оптимално решение, односно оптимален микс на предлог-мерките, потребни се дополнителни анализи и консултации со сите релевантни чинители, а особено со банкарскиот сектор и приватните инвеститори за да се одговори на потребите на фирмите, но и за да не се нарушат пазарните механизми.

## 8. Образложение

Предлог-мерките дадени во овој документ се базираат на препораките дадени од страна на самите работодавачи. Нивната аргументација се базира на постојните податоци, анализи и истражувања, но исто така и на практичните искуства и перцепции на самите фирми кои ќе бидат директни корисници на мерките. Деталното образложение за секоја од предлог-мерките е дадена во поглавјето 6 во рамките на секоја мерка. Дел од мерките се идентификувани и во рамките на националните политики, а овој документ дава дополнителни насоки за нивна реализација.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) стојат на располагање за дополнителни консултации и дискусии со релевантните министерства, институции и други чинители во насока на детално разработување на мерките кои ќе овозможат и нивна практична примена.

## 9. Спроведување

Анализите и анкетите укажуваат на тоа дека постои расчекор помеѓу официјалните податоци и показатели за пристапот до финансии и перцепцијата на самите фирми. Поради тоа, многу е важно да се унапреди пристапот до информации за можностите за финансирање, особено на МСП. Информациите, како и советодавните услуги за фирмите треба да бидат дистрибуирани локално, најблиску до корисниците и преку комбинација на алатки кои соодветствуваат на потребите и начинот на информирање на фирмите со различни големини и различен профил.

За соодветно преточување на предлог-мерките во конкретни и спроведливи политики потребни се дополнителни анализи и пресметки за финансиските импликации и различните начини на имплементација на мерките со цел да се постигне најдобар учинок со ресурсите кои можат да се стават на располагање.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) се посветени на поддршка во спроведувањето на предлог-мерките. Улогата на организациите на работодавачите е особено важна во споделувањето на информациите, поврзувањето на фирмите и институциите, како и поддршка на мерките за градење на капацитетите на фирмите.

## 10. Следење и оцена

За постигнување на очекуваните резултати и влијанија од предлог-политиките неопходно е уште од почетокот да се воспостави систем за следење и оцена. Нужно е да се воспостави сет клучни показатели кој нема да биде преобемен (за да не креира обемен административен товар), но кој ќе даде реална слика за пристапот до финансии. Дел од показателите се веќе идентификувани од страна на меѓународните институции, но важно е да се следи и перцепцијата на бизнис-секторот. Исто така, важно е показателите да не ја отсликуваат само општата слика, туку да дадат и сегрегирани податоци во однос на искористеноста и достапноста на финансиските услуги (според бројот на различни фирми, по сектори, големина, географска дистрибуција, типови услуги и сл.).

На почетокот е неопходно да се направи и анализа на реализирањето и резултатите на постојните политики и мерки. Тоа ќе овозможи воспоставување и соодветен систем на следење и оцена на идните предлог-политики.

Организацијата на работодавачите на Македонија (ОРМ) и Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ) и натаму ќе продолжат да ги следат состојбите и напредокот во оваа област. Согласно можностите, тие ќе подготвуваат и извештаи и анализи кои ќе се стават на располагање на институциите, бизнис-заедницата и пошироката јавност, со цел да придонесат во унапредувањето на политиките во овој сегмент.

Контакт информации на
Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ)
Претседател г. Ангел Димитров
Извршен директор г-а Белинда Николовска
Генерален секретар г-а Светлана Ристовска Антиќ
Ул. Димитрие Чуповски бр.13
info@orm.org.mk
++389(0)23215085
http://www.orm.org.mk